ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР
ЈУГОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН




# ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР – СРЕДСТВО ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ




Дизајн и печатење: 3Д Графосервис ДООЕЛ
Фотографии: Јован Костов - Сликаро
Техничка поддршка: Влатко Стојановски

Оваа брошура е изработена во рамки на проектот „Заеднички работен простор – средство за зајакнување на соработката со бизнис секторот" финансиран преку Грантова шема за иновативни проекти на планските региони за 2019 година од страна на Министерството за локална самоуправа и Швајцарска Агенција за развој и соработка.

## Што значи Заеднички работен простор?

Заеднички работен простор или "Co - working space" е нов модел за обезбедување на деловни услуги на поединци кои работат самостојно и сакаат да го споделуваат работниот простор со други поединци.




Водејќи се по трендовите на денешницата, Заедничкиот работен простор претставува едно креативно катче каде можат да работат луѓе без разлика на полот и возраста, работната позиција, интересите, место каде што секој може да учи од секој. Опкружување каде во опуштена атмосфера полесно се развиваат идеи и се остваруваат нови партнерства.

## Зошто Центарот за развој на ЈИПР воспоставува Заеднички работен простор во регионот?

За да се овозможи место каде ќе се одвива брза размена и споделување на идеи, партнерства, зајакнета соработка помеѓу јавниот, академскиот и бизнис секторот во регионот.




Нашата идеја е да создадеме место каде сите засегнати страни од Југоисточниот регион ќе имаат олеснет пристап до услугите и зголемена активност и учество во различни активности кои се реализираат од страна на Регионалниот бизнис центар во рамките на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Регионалниот Бизнис Центар** во рамките на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е формиран врз основа на Законот за рамномерен регионален развој, како и врз основа на Програмата на Владата на Република Северна Македонија за рамномерен регионален развој во 2014 година со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото во Југоисточниот плански регион.



Бизнис Центарот за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион при Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има за цел да помогне и да им даде поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој. Преку идентификување на тековни потреби, лобирање, информирање и вмрежување, Бизнис Центарот придонесува во зајакнувањето на капацитетите на компаниите во регионот со што создава клима за развој на одржливи и профитабилни бизниси.

Регионалниот бизнис центар е формиран со финансиска поддршка од страна на Министерството за локална самоуправа и Програмата за развој на Обединетите Нации - УНДП.

Денес, за остварување на своите цели, Регионалниот бизнис центар добива поддршка од страна на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската Агенција за развој и соработка.

Идејата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за да создаде Заеднички работен простор претставува уште еден предизвик за остварување на подобра соработка со бизнис секторот во регионот!



# ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА РЕГИОНАЛНИОТ БИЗНИС ЦЕНТАР

## ИНФОРМАТИВНИ УСЛУГИ

Информирање за достапни програми и фондови, отворени повици и можности за добивање на финансиска поддршка, промени во закони и останати корисни информации преку социјалните мрежи и преку директен контакт во канцелариите на Регионалниот бизнис центар при Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.




## ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ И НАСТАНИ

Во рамки на најразлични проекти се организираат обуки, информативни денови и работни средби наменети за бизнис заедницата, невработени лица, академскиот сектор, невладини организации и општински администрации.

Во зависност од утврдени потреби во регионот, Регионалниот бизнис центар се стреми да организира информативни настани со институции кои нудат поддршка за бизнис секторот и стручни обуки и работилници во рамки на одредени проекти кои се имплементираат од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

## ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ

Подготовка на предлог проекти и активности во рамки на приоритети утврдени во Програми за развој на регионално и национално ниво.



Најчести теми за реализација на проекти и активности кои ги имплементира Регионалниот бизнис центар се следните: зајакнување на капацитетите на бизнис секторот преку организирање на обуки, работилници и информативни денови за достапни фондови, подобрување на туристичката понуда во регионот, поттикнување за создавање на нови бизниси, поттикнување и воведување иновации и други области кои позитивно влијаат врз развојот на претприемничкото опкружување во регионот.

## ПОДДРШКА ПРИ АПЛИЦИРАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Поддршка при аплицирање на достапни национални и странски Програми и фондови, отворени повици и можности за добивање финансиска помош. Поддршката се состои во доставување на информации во врска со потребни документи за аплицирање, доставување информации за контакт лица од различни институции, наоѓање на партнери, идентификување на проблеми и активности и слично.










## ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТИ

Подготовка на анализи, извештаи, студии, водичи, комуникациски планови во рамки на одредени проекти, акциони планови за идни активности кои ќе овозможат подобрување на услугите насочени кон бизнис секторот.




**ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР**

Воспоставување на таканаречен Co-working space во просториите на Регионалниот бизнис центар. Користејќи ги искуствата на другите земји Заедничкиот работен простор има за цел да им овозможи на МСП од регионот инфраструктура која ќе им помогне да ја подобрат ефикасноста на своето работење, да стапат во контакт со потенцијални партнери и евентуално да иницираат заедничка соработка со други претпријатија или со академскиот и граѓанскиот сектор. Освен тоа, Заедничкиот работен простор, за Центарот ќе претставува ефикасен инструмент за приближување кон бизнис секторот од целиот Југоисточен регион и остварување на поинтензивни релации.

## КРАТОК ОПИС ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Заеднички работен простор – средство за зајакнување на соработката со бизнис секторот" се имплементира преку Грантова шема за иновативни проекти за 2019 година на бизнис центрите во рамките на планските региони.






Идејата е преку реализација на овој проект да се создаде Заеднички работен простор кој ќе биде наменет за потребите на микро и малите бизниси, самостојни работници како и сите други бизниси кои што не располагаат со сопствени канцеларии, а сакаат да работат во креативна атмосфера со технички опремени простории.




Со воспоставувањето на овие простории ќе им се овозможи на претприемачите, независните работници и сите останати заинтересирани да користат канцелариски простор во кој ќе имаат можност да стекнуваат нови партнерства, да имаат директна комуникација со претприемачи и партнери не само од регионот туку и од прекуграничниот регион со кои ќе разменуваат идеи, ќе ја прошират нивната мрежа на познајници и полесно ќе ги пронајдат нивните потенцијални клиенти и соработници.

**Резултати од проектот:**

- Воспоставен Заеднички работен простор во Југоисточен регион;
- Подобрени информативни услуги на РБЦ преку користење на постоечките услуги на Заедничкиот работен простор и веб страница за поддршка на МСП – www.investinseregion.mk;
- Овозможен дополнителен простор за одржување на најразлични настани – Сала за состаноци;
- Зголемен број на активности, настани, обуки, услуги и менторство со целните групи во Заедничкиот работен простор;
- Подобрено претприемничко опкружување преку зацврстување на односите помеѓу јавниот и приватниот сектор.



Со проектот се промовира поддршка на претприемништвото, зголемување на конкурентноста и создавање на услови за поинтензивна регионална соработка помеѓу малите и средни претпријатија, академскиот сектор, граѓанските организации и сите заинтересирани страни во Југоисточниот регион.

# 5 ПРИДОБИВКИ
# ОД КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР



- Вмрежување
- Зголемено учество на обуки и менторство
- Лесен пристап до потребни информации
- Нови можности
- Поголема продуктивност, успех и развој

Бидејќи поголем дел од новосоздадените претпријатија, граѓански организации, независни работници, самостојни експерти и новинари се соочуваат со проблем на недостаток на сопствен простор за извршување на секојдневните обврски, преку имплементацијата на овој проект Центарот ќе овозможи ефикасно решение кое на сите корисници ќе им понуди:

**Сала за состаноци**

Опремена со современа опрема соодветна за одржување на најразлични состаноци, активности и настани со капацитет за околу 16лица.

**Заеднички работен простор**

Топло катче опремено со четири компјутери и работни бироа, канцелариски материјали и останати поволности за успешно и ефикасно извршување на секојдневнитеработни обврски.

**Советодавна поддршка**

Обезбедена поддршка од страна на тимот на Центарот за развој на ЈИПР за остварување на нови партнерства, аплицирање и имплементација на проекти, наоѓање на достапни грантови, поврзување со сите 10 општини од регионот, подготовка на проектни апликации и многу други услуги базирани на потребите на корисниците.



# ПРИКЛУЧИ СЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА НА ЗАЕДНИЧКИОТ РАБОТЕН ПРОСТОР

**ПАКЕТ 1 – ПОСТОЈАНО БИРО**

На корисникот на Пакет 1 во Заедничкиот работен простор му е овозможено користење на постојано работно биро, компјутер и останати поволности кои му стојат на располагање за еден месец.

Овој пакет нуди можност да ја користите нашата адреса и да ја добивате поштата кај нас.

**ЦЕНА: 4000 денари**

**ПАКЕТ 2 – ЕКОНОМИЧНО БИРО**

Овој економичен пакет им овозможува на корисниците да имаат работно биро на кое како гостин можаат да дојдат и да го користат кога им одговара во текот на целиот месец во термини во кои работи Центарот. Најдобро е секогаш навремено да се најават, за да не се случи некој друг корисник да го има резервирано местото.

**ЦЕНА: 2000 денари**



# КУЌЕН РЕД

Во Заедничкиот работен простор се работи во опуштена деловна атмосфера. Почитувајте ги различните начини на работење. Некои луѓе подобро работат во тишина. Доколку треба да зборувате подолго време тогаш најдобро е да излезете надвор од канцеларијата или да ја користите Салата за состаноци за да ги завршите вашите телефонски разговори.

Работното време на Заедничкиот работен простор е од 08-16 часот. Сабота, недела и државни празници не се работи.

Кујнага (комплетно опремена) е заедничка за сите корисници. Вашите оброци извршувајте ги во кујната или надвор. На храната што ја чувате во фрижидер може да ставите налепници со Ваше име на нив. Доколку се користи заедничката кујна Ве замолуваме да се грижите за чистотата на истата!

Пушењето е дозволено исклучиво надвор од објектот.

Салата за состаноци може да се користи за деловни средби, за телефонски разговори и повици преку Skype, со претходна резервација. Може да ја користите и без резервација, само во случај ако не е веќе резервирана.

Известувај ги навремено вработените за резервација на место или за евентуални дефекти кои може да настанат во Заедничкиот работен простор.

Користењето на интернет и останатите канцелариски работи се достапни и бесплатни за сите корисници на Заедничкиот работен простор. Печатењето, исто така, за големи количини мора да се извршува надвор од овој простор.

Хартијата има две страни. Нашата практика е да ги искористиме и двете страни, а потоа да ја фрлиме во соодветна канта со цел да ја зачуваме животната средина.

Соработувај, создавај и разбуди ја креативноста и иновативноста! Заедничкиот работен простор ги нуди сите алатки за работа, дружење и успех.

Секој треба да се грижи за Заедничкиот работен простор да биде пријатно работно место за сите корисници. Температурите на просториите треба да им одговара на повеќето од корисниците.

Чиста околина, здрав живот! Одржувај ја хигиената покрај тебе и околу тебе!

ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР
ЈУГОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН






free
fun
cool







ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР

## ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР – СРЕДСТВО ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

Центар за развој на Југоисточниот плански регион
Регионален Бизнис Центар




Булевар „Маршал Тито“ бр.1-1 2400 Струмица

Телефон/ Факс + 389 34 340 139

www.rdc.mk/southeastregion/index.php/mk/

www.investinseregion.mk



Проектот е финансиран преку Грантова шема за иновативни проекти на планските региони за 2019 година со финансиска поддршка од Министерството за локална самоуправа и Швајцарската Агенција за развој и соработка


Центар за развој на Југоисточен регион

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC